# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA


FS 549642

СКМ-ЗП-РУ-08/03

Здружение на угостителството и туризмот
Бр. 31 – 557/1
27.3.2017 година
Скопје

До
Господин Влатко Илиевски, претседател
на Инспекцискиот совет на Република
Македонија

Скопје

Предмет: Барање информација за преземени активности

Почитуван господине Илиевски,

Согласно реализираниот состанок на 5.10.2016 година на иницијатива на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, на кој беше посочена потребата од заедничка координирана акција на надлежните државни институции во насока на елиминирање на нелојалната конкуренција преку работа на фирми-човек во екот на летната сезона и во екот на зголемениот број странски гости, кои склучуваат договори со превозници или туристички агенции и нудат сомнителни услуги на јавни места, а во пресрет на новата туристичка сезона која поактивно почнува веќе од април 2017 година, Ви се обраќаме со барање за информација дали и што активности се преземени за посочените проблеми од страна на надлежните државни институции, или пак дали се планира во следниот период да се преземат одредени чекори.

Дописот е со цел проблемите од минатата сезона да не се повторат и оваа година. Имено, со функционирањето на фирми-човек на пазарот и со превозници или туристички агенции кои нудат сомнителни услуги на јавни места спротивно на законот, се нарушува угледот на земјата како туристичка дестинација, преку поплаките што тур-операторите и хотелите ги добиваат од странските гости, особено во екот на летната сезона, што крајно негативно се одразува на туризмот во Македонија, со негативни последици и на вкупната економија.

Се надеваме дека заложбите на членките на Здружението на угостителството и туризмот ќе бидат земени предвид, за што однапред Ви благодариме.

Со почит,

Претседател ,
Соња Бибановска с.р.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

Копија доставена и до:
- Министерството за економија;
- Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот


International Chamber of Commerce
ATA carnet
Association of Balkan Chambers
EUROCHAMBRES
B.C.T.P. Balkan Center for Trade Promotion
European Banking Federation
eurelectric
FIATA
SECI Southeast European Cooperative Initiative
CEI Central European Initiative
enterprise europe network
Superbrands



Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk